20252474819

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 2 и член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 68-а и член 69 став 1 и став 6 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021,60/2023, 154/2023, 209/2023 144/2025 и 154/2025), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 ноември 2025 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НА ПРИВАТНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори и начинот на плаќање на здравствените услуги на приватните здравствени установи кои вршат болничка здравствена заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 80/2021, 189/2022, 239/2022 и 206/2023), во членот 10 се додава нов став 3 кој гласи:

„По исклучок од ставот 2 на овој член, во интерес на осигурените лица, процентот од 25% може да се зголеми, но најмногу до 35%, со одлука на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.“

Ставот 3 станува став 4.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-26218/2
20 ноември 2025 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Дритан Даути,** с.р.